УЖ-3.бр.1237/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот, Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје, поднесена преку полномошник Адвокат Пандорка Кимова од Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.947/2018 од 27.05.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 06.10.2020 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.947/2018 од 27.05.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.947/2018 од 27.05.2019 година тужбата на тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје, изјавена против Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.08-285/7 од 09.05.2018 година ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување или да се преиначи на начин што тужбата на тужителот да се уважи и оспореното решение да се поништи, како и да се надоместат трошоците по постапката.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите на предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Судот од увидот во списите по предметот утврди дека договорниот орган Царинска управа на Република Македонија, спровел постапка по Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.02/2018 за набавка на услуги - лабораториски испитувања во

надворешни лаборатории, за што претходно донел Одлука за потреба од јавна набавка бр.05-005971/18-0002 од 20.02.2018 година. Набавката не била делива на 47 дела и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е-Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да доставаат Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите - 20.03.2018 година пристигнале вкупно 7 понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отворањето на понудите од 20.03.2018 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, како и проверка дали поднесените понуди се наоѓаат на негативна референтна листа, Комисијата ги поканила прифатливите понуди за учество на закажаната Е-аукција за 05.04.2018 година, по чие спроведување Комисијата со изготвен Извештај од спроведена постапка од 17.04.2018 година до одговорното лице на договорниот орган поднела предлог за избор на најповолна понуда, како и за поништување на одредени делови од постапката, кој бил прифатен и била донесена Одлука за избор и поништување на делови од постапката за доделување на договор за јавна набавка бр.05-005971/18-0017 од 18.04.2018 година со која како најповолен понудувач за Деловите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 9 бил избран економскиот оператор Макпетрол АД - Скопје, за Деловите 18, 19, 22 и 27 бил избран економскиот оператор ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, за Деловите 35, 36, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46 и 47 бил избран економскиот оператор РЖ Техничка Контрола АД - Скопје, додека за Деловите 7, 8, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 20, 21, 23, 29, 31, 32, 33, 34, 37 и 38 постапката била поништена согласно членот 169 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки, а за Деловите 24, 25, 26, 28 и 30 постапката била поништена согласно членот 169 став 1 точка 6 од цитираниот закон. Меѓу другото во Извештајот од спроведената постапка од 17.04.2018 година било констатирано дека тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје покрај со самостојна понуда за Деловите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9 и 10, учествувала како подизведувач за истите делови во понудата на Еуромак - Контрол ДОО - Скопје, што не е во согласност со членот 46 став 2 точка 2 од Законот за јавните набавки.

Против одлуката за избор на најповолен економски оператор, ОКТА Рафинерија АД од Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со Решение бр.08-285/7 од 09.05.2018 година ја одбила како неоснована.

ОКТА Рафинерија АД од Скопје повел управен спор оспорувајќи ја законитоста на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.08-285/7 од 09.05.2018 година.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.947/2018 од 27.05.2019 година тужбата на тужителот ја одбил како неоснована. Судот смета дека

оспореното решение е правилно и со него не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 точка 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 136/07 ... 165/17), тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Согласно точките 18 и 24 од истиот член, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно членот 32 став 1 од истиот закон, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно членот 46 став 2 точка 2 од Законот за јавните набавки, сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

Согласно член 140 став 7 во врска со став 7 од истиот закон, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, додека неприфатливите понуди Комисијата нема да ги евалуира.

Согласно членот 169 став 1 точка 2 од истиот закон, договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка ако не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

Вишиот управен суд оцени дека Управниот суд правилно одлучил кога прифатил дека тужениот орган при одлучувањето по изјавената жалба правилно ги применил одредбите од Законот за јавни набавки. Според овој суд економскиот оператор Макпетрол АД - Скопје, ги исполнил критериумите од тендерската документација и дека тужениот орган правилно ја отфрлил, односно правилно постапил кога понудата на тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје, ја отфрлил, односно ја исклучил

понудата на тужителот од понатамошна евалуација согласно членот 46 став 2 точка 2 од Законот за јавните набавки, од причина што тужителот ОКТА Рафинерија АД од Скопје покрај со самостојна понуда за Деловите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9 и 10, учествувала како подизведувач за истите делови во понудата на Еуромак - Контрол ДОО - Скопје.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека фактичката состојба е неправилно утврдена, дека истиот ја почитувал точката 1.8.9 од Тендерската документација т.е. понудата не била во спротивност со наведената точка, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во обрзложението на оваа одлука, како и поради фактот што точката 1.8.9 од Тендерската документација регулира учество на економски оператори со една понуда, односно под кои услови може одреден економски оператор да се јави како подизведувач, а не и случаи со повеќе од една понуда. Судот најде дека ваквите наводи не се основ за поинаква одлука. Исто така и Управниот суд при донесувањето на пресудата дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката, а кои наводи се содржани и во жалбата на тужителот и со кое образложение се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови а во врска со член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 06.10.2020 година под УЖ-3.бр.1237/2019.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Милка Стефановска Трпевска с.р | Владанка Панчурова Сулејманова с.р |

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ... SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник